МЗМП

Kingdom of the Netherlands

# ЗАСТАПЕНОСТА НА СТЕКНУВАЊЕ ПРАКТИЧНИ ПРАВНИ ВЕШТИНИ НА ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВЕН ИЗВЕШТАЈ
(BASELINE REPORT)

# Застапеноста на стекнување практични правни вештини на правните факултети во Република Северна Македонија.

**ОСНОВЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(BASELINE REPORT)**

Скопје, 2023 година

Издавач:
**Македонско здружение на млади правници (МЗМП)**

**Автори:**
Проф.д-р Африм Османи
Проф.д-р Елена Нешовска Ќосева

**Уредник:**
Гоце Коцевски

**Лектура:**
Весна Костовска

**Графичко уредување :**
Бригада дизајн

CIP-Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.96:340.13(497.7)(047)
378.016:94(497.7)(047)

ОСМАНИ, Африм
Застапеноста на стекнување практични правни вештини на правните факултети во Република Северна Македонија. [Електронски извор] : основен извештај =(baseline report) / Африм Османи, Елена Нешовска Ќосева. -
Текст во пдф формат, содржи 40 стр., илустр. - Скопје : Македонско здружение на млади правници (МЗМП, 2023

Начин на пристапување (URL):
https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/Steknuvanje-prakticni-pravni-vestini-Osnoven-izvestaj.pdf.
- Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 17.03.2023 год. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 36.
- Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4843-76-4

1. Нешовска Ќосева, Елена [автор]

а) Професија правник -- Правна рамка -- Македонија -- Извештаи б) Правни факултети -- Студиски програми -- Македонија -- Извештаи

COBISS.MK-ID 59774725

Овој документ е изработен во рамки на проектот „Студентите по право и младите правници – Клучни агенти на промени за унапредување на човековите права и владеење на правото", имплементиран од страна на МЗМП, а финансиски поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија.

Изразените ставови и мислења се на авторите на овој извештај и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови и мислења на Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија.

# СОДРЖИНА


ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ............ 5

- Цел на истражувањето ............ 7
- Методологија на истражувањето ............ 7

**ПРВ ДЕЛ:**
ПРАВНА РАМКА ЗА ПРИСТАП ДО ПРАВНИЧКАТА ПРОФЕСИЈА ............ 8

1.1 Закон за високото образование ............ 8
1.2 Закон за правосудниот испит ............ 9
1.3 Закон за адвокатурата ............ 10
1.4 Закон за Академијата за судии и јавни обвинители ............ 11
1.5 Закон за нотаријатот ............ 13
1.6 Закон за извршување ............ 14

**ВТОР ДЕЛ:**
СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ............ 15

2.1 Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје ............ 16
2.2 Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип ............ 18
2.3 Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) ............ 19
2.4 Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа ............ 20
2.5 Правен факултет – Универзитет во Тетово ............ 21
2.6 Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН ............ 22
2.7 Приказ на резултатите од спроведената онлајн анкета ............ 24
2.7.1 Приказ на резултатите од истражувањето на ставовите на наставниот кадар на правните факултети во Република Северна Македонија ............ 24
2.7.2 Приказ на резултатите од истражувањето на ставовите на студентите на правните факултети во Република Северна Македонија ............ 27

Заклучни согледувања и препораки ............ 31
Користена литература ............ 36
Прилози ............ 37

# ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Сите современи демократски општества се потпираат на два основни постулати, принципот на владеење на правото и почитувањето на човековите слободи и права. Развиени и вкоренети во државно-правната историја како резултат на вековната борба и заложбите, тие се инкорпорирани како највисоки темелни вредности во сите национални и меѓународни правни документи. Дополнително, принципот на владеење на правото претставува conditio sine qua non за ефикасно функционирање на правниот систем и заштитник на сите уставно загарантирани слободи и права.

Сепак, ефикасноста на правниот систем не зависи единствено и исклучиво од постоењето квалитетни правни прописи во кои се вградени меѓународно прифатени стандарди приспособени на домашните општествено-политички и економски околности. Големо влијание врз функционалноста, ефикасноста и одржливоста на правниот систем на една држава на долг рок, несомнено, имаат и правниците.[1] Оттука, сегашноста и иднината на правниот систем се детерминирани од степенот на подготвеност, стручност и професионалност на лицата што се занимаваат со правничката професија.

Од филозофски аспект, многумина сметаат дека правничката професија е хумана професија. Од правен аспект, пак, таа влегува во кругот на т.н. регулирани професии што вообичаено се дефинираат како професионална активност или група професионални активности, чиј пристап или начин на извршување е регулиран со законски или друг правен акт и/или, пак, е условен со поседување професионална квалификација или професионална активност или активности што ги извршуваат лица во професионални организации и имаат професионален статус. Имајќи ја предвид ваквата дефинициска определба, како правнички професии во домашен, односно локален контекст најчесто се вбројуваат адвокатурата, професиите судија, јавен обвинител, нотар и извршител.

Иако секоја од овие професии има своја тежина, специфики и критериуми за пристап, сепак, заеднички се две карактеристики. Прво, улогата и задачите што вршителите на правничките професии ги имаат во правниот систем. Така, независно дали едно лице е адвокат, судија, јавен обвинител, нотар или извршител, тоа се занимава со примена на правото, правна интерпретација, правно пишување, правно резонирање и аргументирање. И, второ, соодветните законски прописи предвидуваат три кумулативни услови што треба да ги исполнува едно лице за да може да се занимава со некоја од наведените правнички професии, и тоа:

- стекнување соодветен степен на високо образование на правни студии;
- определен период работно искуство на правни работи; и
- положен правосуден испит.

Законодавецот неслучајно се одлучил за условување на „влезот“ во правничката професија со овие три услови. Имено, секој од нив има неприкосновено значење за креирањето профил на вршител на правничката професија што ќе се карактеризира со поседување правно знаење, со правни вештини и со способност да одговори на предизвиците што со себе ги носи правничката професија. Така, поседувањето универзитетска диплома за завршен соодветен степен на високо образование на правни

1 Во согласност со ваквата општа дефиниција на правничката професија, во групата „правни професии“ се вбројуваат: адвокатурата, судската и јавнообвинителската професија.

науки е доказ дека младиот правник ги совладал теоретските аспекти на правото, правните гранки и правниот систем, се оспособил за анализа на правните прописи и стекнал теоретски знаења за функционирањето и поставеноста на институционалниот систем. Обврската за задолжителна работа на правни работи во определен временски период овозможува примена на теоретските знаења во практиката, развивање практични вештини и запознавање со секојдневните работни обврски. И, конечно, положениот правосуден испит претставува механизам/тест со чија помош државата проверува дали едно лице е доволно подготвено самостојно да ја врши правничката професија.

Со цел една држава да биде сигурна дека примената на нејзините правни прописи им е доверена на вистинските кадри, а истовремено да биде и заштитена од можностите за погрешна примена или толкување на нормите и злоупотреба на правото, треба да воспостави систем што ќе „произведе“ стручни, вешти, објективни, непристрасни и независни млади правници. Низа домашни и меѓународни анализи и истражувања[2], кои во изминатите неколку години од различни аспекти го обработуваат прашањето за квалитетот на младите правници, сугерираат дека државата може да дојде до посакуваната цел со помош на две решенија, и тоа преку (1) континуиран развој и унапредување на системот на формално високо образование, и (2) постоење модел за континуирана професионална обука, надградба и усовршување на студентите по право и младите правници.

Овие две решенија меѓусебно не се исклучуваат, туку напротив. Во овој контекст, правните факултети треба да се залагаат за имплементирање модерни наставни програми што ќе бидат усогласени со современите правни трендови, меѓународно компатибилни и димензионирани на начин на кој најдобро ќе одговорат на потребите на пазарот на трудот. Истовремено, сите останати инволвирани и засегнати страни (државата, правосудните органи, правните факултети, професионалните здруженија, студентските организации) треба да дадат свој придонес за креирање и спроведување активности низ кои студентите по право и младите правници ќе го надополнат и ќе го продлабочат своето теоретско знаење со практични правнички вештини.

Во изминатите 30-ина години и македонскиот правосуден систем не беше имун на низа тешкотии и предизвици. Децениските заложби за функционален правен систем, владеење на правото и почитување на основните човекови слободи и права ја исправија државата пред неколку големи реформски процеси и постојани измени и дополнувања на законската регулатива за пристап до правничката професија. Дополнителен притисок претставува и стратешката определба на Република Северна Македонија да стане дел од Европската Унија. Оттука, се наметнува обврската за приспособување на македонското законодавство со правото на ЕУ и за прифаќање на европските вредности.

Овој Основен извештај е подготвен во рамките на проектот ***Студентите по право и младите правници – клучни агенти на промени во унапредувањето на човековите права и владеењето на правото***, поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Целта на проектот е да се зајакне улогата на студентите по право и младите правници во унапредувањето на заштитата на човековите права и во промовирањето на владеењето на правото; усогласувањето на правната рамка со најдобрите ЕУ-практики во поглед на правните студии и условите за влез во правните професии, вклучувајќи ги и студиските програми на правните факултети; поддршката на професионалниот развој на студентите по право и правниците; и зголемувањето на учеството на младите правници во заштитата на јавниот интерес во процесите на креирање политики на централно и на локално ниво.

2 Коцевски, Гоце, Пристапот до правничките професии за младите правници: од диплома на Правен факултет до кариера во судството и адвокатура, Македонско здружение на млади правници, Скопје, 2014;
SEELS, Strengthening EU Legal Studies in South East Europe, EU Project, 2016-2019;
SEELS, Education4Progress: Regional Cooperation To Improve EU Law Teaching, financially supported by the Western Balkans Fund, 2019;
Europa-Institut, Modernising European Legal Education (MELE), Eramus+, KA203 Strategic Partnership for Higher Education, 01/09/2020 till 31/08/2023.

## ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Поаѓајќи од премисата на Проектот, искажана уште во неговиот наслов, главната цел на овој Основен извештај е преку спроведувањето основна студија да се утврди почетната состојба во поглед на начинот на кој се организирани правните студии на шест правни факултети во Република Северна Македонија (државни и приватни), на кои во изминатите неколку академски години во континуитет се запишуваат најмногу студенти, како и правната рамка за пристап до правничките професии.

Поконкретно, овој Извештај има цел:

- да изврши анализа на соодветните правни прописи со кои се регулира пристапот до правничката професија;
- да ги идентификува сличностите и разликите во начинот на кој се спроведува студиската програма за правни студии на следните правни факултети: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола (Кичево), Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа, Правен факултет – Универзитет во Тетово и Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН;
- да изврши обработка на добиените резултати од спроведената ***онлајн*** анкета преку претходно подготвени прашалници за наставниот кадар и студентите на шесте правни факултети. Прашалниците се дадени како Прилог 1 и Прилог 2 на овој Извештај.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

При изработката на Извештајот, методолошки гледано, прибирањето, систематизирањето, анализирањето и презентирањето на собраните податоци, аргументи и факти ќе се изврши со употреба на логично оправдан, заокружен и научно-фундиран пристап. При истражувањето беа користени повеќе методи, сè со цел поцелосна и продлабочена анализа од која ќе може да се извлечат правно релевантни и научно оправдани заклучоци.

Најголемиот дел од сознанијата што се презентирани во Извештајот се добиени преку примена на нормативниот метод, односно преку анализа на позитивно-правното законодавство за „влез“ во правничката професија и правните акти на високообразовните установи во Република Северна Македонија. Еден дел од истражувањето се темели и на компаративниот метод, за да се детектира колкав е степенот на усогласеност на постојните наставни програми на шесте правни факултети што се опфатени со ова истражување. За обработка на квалитативните и квантитативните податоци што се добија преку ***онлајн*** прашалниците се користеше статистичкиот метод.

# Прв дел:

# ПРАВНА РАМКА ЗА ПРИСТАП ДО ПРАВНИЧКАТА ПРОФЕСИЈА

Во овој прв дел од Извештајот ќе биде извршена исцрпна анализа на значителен дел од правната рамка со кој се регулираат и се уредуваат прашања за пристап до правничката професија.

## 1.1 ЗАКОН ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Првиот чекор што треба да го преземат сите млади лица, кои се заинтересирани и имаат желба и амбиции за работа во правничката професија, е да стекнат универзитетска диплома за завршен соодветен степен на образование на правни студии. Или, поконкретно кажано, да се запишат и да ги завршат студиите на студиската програма по правни студии на некој од правните факултети (државни или приватни) во Република Северна Македонија.

Основен закон со кој се уредуваат сите важни прашања од сферата на високото образование, како што се автономијата на универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање, статусните промени и престанок на високообразовните установи, нивната дејност, системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, основите за организација, управување, развој и финансирање на високообразовната дејност, правата и обврските на студентите и др., претставува Законот за високото образование од 2018 година.[3]

Со запишување на прв или втор циклус на студии, младите лица стекнуваат статус на студент и стануваат членови на академската заедница. Она што студентите очекуваат да го добијат како корисност од студирањето на правните факултети е токму она што Законот го определува како цели на високото образование. Согласно важечката регулатива[4], за пристап кон правничката професија потребно е да стекне високо образование преку реализација на академски студии врз основа на акредитирани студиски програми, чија цел е да ги оспособат студентите за градење академска и професионална кариера преку стекнување академски и стручни високообразовни квалификации. Законот предвидува три циклуси на високо образование: прв циклус на академски студии (додипломски студии), втор циклус на академски студии (постдипломски студии) и трет циклус на академски студии (докторски студии). За целите на ова истражување подетално ќе бидат образложени единствено првиот и вториот циклус на академски студии.

Првиот циклус на академски студии им овозможуваат на студентите да стекнат широки академски знаења и вештини, теоретски и методолошки квалификации што ќе го оспособат студентот за самостојно идентификување, формулирање и решавање сложени проблеми и стекнатите неопходни основни вештини да ги применува за практикување на професијата на одредени стручни работни места и за влез во вториот циклус на академски студии. Првиот циклус (додипломски) на студии се уредени во чл. 134 од Законот за високото образование. Според оваа законска одредба, првиот циклус на ака-

3 „Службен весник на РМ" 82/2018.

4 Чл. 132-133 од Законот за високото образование.

демски студии (додипломски студии) трае три или четири години и со неговото завршување стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити. Лицето што ги завршило додипломските студии стекнува звање дипломиран правник. Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот статус по завршувањето на додипломските студии е ***bachelor of laws***. Квалификациите што се стекнуваат со завршувањето на студиската програма по додипломски студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VI А за четиригодишните додипломски студии од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

Лицето што завршило правни судии од прв циклус има право да се запише на вториот циклус на академски студии (постдипломски студии). Согласно чл. 135 од Законот за високото образование, постдипломските студии се организираат како студии што траат една, односно две години и со нивното завршување стекнуваат 60, односно 120 ЕКТС кредити. На студиската програма од постдипломски студии што трае една година и со која стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице што завршило додипломски студии во траење од најмалку 4 години со кои стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити. Вкупниот број кредити што се стекнуваат на додипломските и постдипломските академски студии изнесува најмалку 300 ЕКТС кредити. Лицето што по завршувањето на постдипломските студии стекнало најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно од додипломските и постдипломските студии, стекнува звање магистер по право од соодветната област (***Master of Laws*** LL.M.). Квалификациите што се стекнуваат со завршувањето на студиската програма по постдипломски студии припаѓаат на ниво VII А од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Понуденото сегашно решение на Законот за високото образование не дава можност секој универзитет, односно правен факултет да организира клиничка настава, како особено релевантни за овој Извештај. Сето ова се должи и е поврзано со рангирањето на самите универзитети. Дел од универзитетите што се дел од овој Извештај се соочуваат со оваа законска пречка, односно да не можат, меѓу другото, да организираат и клиничка настава.[5]

## 1.2 ЗАКОН ЗА ПРАВОСУДНИОТ ИСПИТ

Вториот предуслов за пристап кон правничката професија е положен правосуден испит. Условите и постапката за полагање на правосудниот испит се уредени со Законот за правосудниот испит, кој започна да се применува на 1 јануари 2020 година, и Правилникот за начинот на полагање на правосудниот испит и за формата и содржината на уверението за положен правосуден испит.[6]

Со стапувањето во сила на новиот Закон се напушти старото законско решение што предвидуваше електронски начин на полагање на испитот и се воведе писмено и усно полагање пред стручна комисија врз основа на објективни мерила и критериуми за процена на знаењата на кандидатите. Испитот се полага заради проверка на стручната оспособеност на лицата што имаат завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1, како и лицата што студирале правни студии според Болоњската декларација и имаат 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) за самостојна примена на прописите во практиката и вршење правни работи за кои со закон е предвиден тој услов.

5 Подолу во овој Извештај се истакнати универзитетите (правните факултети) што не може да изведуваат клиничка настава поради оваа законска пречка.

6 Закон за правосудниот испит, „Службен весник на РСМ“ бр. 190/2019.
Правилник за начинот на полагање на правосудниот испит и за формата и содржината на уверението за положен правосуден испит, „Службен весник на РСМ“ 263/2019 и 37/2020.

Дипломираните правници на кои им е потребна практика за стручно оспособување и за стекнување услови за полагање на испитот може да ја стекнат во судовите, јавните обвинителства, адвокатите, нотарите, извршителите, Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

Правосудниот испит може да го полагаат дипломирани правници што работеле најмалку една година на правни работи во суд, јавно обвинителство, Државно правобранителство на Република Северна Македонија, кај Народен правобранител на Република Северна Македонија, адвокат, нотар или извршител. Исто така, испитот може да го полагаат и дипломирани правници што работеле најмалку две години на правни работи во други државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, трговски друштва и други правни лица. Времето поминато на практика заради стручно оспособување во суд, јавно обвинителство, Државно правобранителство на Република Северна Македонија, кај Народен правобранител на Република Северна Македонија, адвокат, нотар или извршител, во согласност со закон, да се смета како време поминато на работа во тие органи. Законот изречно забранува предвремено полагање на правосудниот испит.

Испитот се состои од писмен и устен дел. Писмениот дел се полага по предметите Кривично и Граѓанско право, додека, пак, усниот дел се полага по предметите: Кривично право (кривично материјално и процесно право), Граѓанско право (граѓанско-материјално и процесно право), Трговско право, Трудово право, Уставно уредување на Република Северна Македонија и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, организација на правосуден систем и управно право и судир на закони и меѓународна правна помош. Ако предметот е составен од писмен и устен дел, кандидатот мора прво да го положи писмениот дел за да пристапи кон полагање на усниот дел.

На писмениот дел од испитот, кандидатот решава определен случај од практиката (архивиран судски предмет) од кој се отстранети списите што треба да ги изготви кандидатот што го полага правосудниот испит со примена на прописи од соодветната област. На усниот испит, пак, по секој предмет, кандидатот одговара на три прашања што ги влече од претходно подготвените прашања.

Испитот се полага пред комисија составена од претседател и шестмина членови и нивни заменици именувани од министерот за правда од редот на професорите по право од акредитираните правни факултети во државата, судиите, јавните обвинители и адвокати, со решение со кое се определени предметите по кои тие испитуваат. Ако предметот се состои од писмен и од устен дел, се смета дека е положен доколку се положени и двата дела од предметот. На кандидатот што го положил испитот Министерството за правда му издава уверение за положен правосуден испит во рок од 30 дена од денот на објавувањето на резултатите од спроведениот правосуден испит.

## 1.3 ЗАКОН ЗА АДВОКАТУРАТА

Адвокатурата е уставно загарантирана категорија и има важна улога во секое демократско општество, но и централна улога во правосудниот систем. Дополнително, таа вообичаено е синоним за класичната правничка професија. Најголем дел од студентите по право имаат желба по завршувањето на правните студии да станат дел од адвокатската фела, додека, пак мнозинството од дипломираните правници по положувањето на правосудниот испит ја продолжуваат својата професионална кариера токму во адвокатурата.

Основниот закон со кој се регулира обезбедувањето правна помош од страна на адвокатурата на физички и правни лица, а пред сè, вршењето на адвокатската дејност, организацијата на адвокатурата, условите за вршење и престанок и мирување на адвокатската дејност, како и правата и обврските на

адвокатите, е Законот за адвокатурата.[7] Согласно овој Закон, како *lex generalis*, адвокатската дејност ја вршат адвокати што положиле заклетва и се запишале во Именикот на Адвокатската комора на Република Македонија. Чл. 12 од Законот ги пропишува условите што треба да ги исполнува едно лице за упис во Именикот на Адвокатската комора. Така, во Именикот на адвокатите може да се запише лице, кое ги исполнува општите услови за засновање работен однос во органите на државната управа, кое ужива углед и е достојно за вршење на адвокатската дејност и ги исполнува следниве услови: (1) да биде државјанин на Република Македонија или да биде државјанин на држава земја членка на Европската Унија; (2) да биде деловно способно; (3) да има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома од правен факултет од странство, (4) активно да го зборува македонскиот јазик; (5) да има положено правосуден испит во Република Македонија; (6) да не биде правосилно осуден на казна, забрана на вршење дејност, професија или должност, за време на траење на таа казна; (7) да не биде во работен однос и (8) да не врши работи што се неспојливи со адвокатурата.

Младите правници што ги исполнуваат овие услови поднесуваат барање за упис во Именикот на адвокатите чија форма и содржина ги пропишува министерот за правда. Во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето, надлежниот орган на Адвокатската комора донесува решение со кое врши упис или го одбива барањето за упис во Именикот на адвокатите и Именикот на адвокатските друштва на Адвокатската комора на Република Македонија. Со уписот во Именикот на адвокати, младите правници може да започнат со вршење на професијата „адвокат што е слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот, актите на Комората и овластувањето самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката“.[8]

## 1.4 ЗАКОН ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

На младите правници што сакаат да бидат дел од адвокатурата, положениот правосуден испит им е доволен за занимавање со оваа правничка професија. Но, за оние што имаат афинитети да бидат судии или јавни обвинители, македонскиот правен систем предвидува уште еден филтер. Така, основен предуслов за едно лице да биде избрано за судија во основен суд или јавен обвинител во основно јавно обвинителство е да има завршено обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

Академијата за судии и јавни обвинители беше формирана како Академија за обука на судии и јавни обвинители во 2006 година со статус на јавна установа со својство на правно лице што треба да обезбеди компетентно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно вршење на судиската и обвинителската функција преку вршење почетни и континуирани обуки на судиите и обвинителите, како и континуирани обуки на судските и обвинителските службеници. Воведувањето на оваа институција во правосудниот систем на нашата држава беше поттикнато од процесот на пристапување кон Европската Унија и условите што треба да се исполнат во согласност со препораките и насоките за креирањето обука по европски стандарди заради инкорпорирање современи и напредни решенија.[9]

Согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители[10] и Статутот на Академијата[11], основна надлежност на Академијата е да спроведува обуки на две нивоа, односно почетна обука за идни-

7 „Службен весник на РМ“ бр. 59/2002, 10/2003, 34/2003, 60/2006, 29/2007, 8/2008, 106/2008, 20/2009, 117/2009, 135/2011, 113/2012, 148/2015.

8 Чл. 15, став 1 од Законот за адвокатурата.

9 Натали Петровска, Емилија Спасовска и Лепосава Огњаноска, Зајакнување на улогата на Академијата за судии и јавни обвинители во контекстот на политиките за борба против корупцијата, Policy Brief, USAID, 2020, стр. 5.

10 „Службен весник на РМ“ 20/2015, 192/2015, 231/2015, 163/2018.

11 „Службен весник на РМ“ 56/2015, 205/2018 и 115/2019.

те судии и јавни обвинители и континуирана обука за усовршување на веќе избраните и активни судии и јавни обвинители. Вака определената клучна дејност на Агенцијата ја позиционира оваа институција како институција што има круцијална улога во процесот на почетна подготовка и континуирано професионално доусовршување на правосудниот (пред сè, судско-обвинителски) кадар во Република Северна Македонија.[12]

Согласно чл. 56, став 1 од Законот за Академијата: „Слушатели на почетната обука се лица што по положениот приемен испит се примени како кандидати слушатели во Академијата за судии и јавни обвинители." Понатаму, чл. 57 од Законот ги пропишува условите за полагање приемен испит. Така, едно лице може да се пријави во Академијата доколку: (1) е <u>дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование</u> VII/I степен на правни студии <u>или дипломиран правник со стекнати 300 кредити</u> според Европскиот кредит-трансфер систем; (2) го <u>има положено правосудниот испит</u>; (3) <u>има работен стаж од најмалку две години на правни работи по положен правосуден испит</u>; (4) не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност; (5) е државјанин на Република Северна Македонија; (6) активно го владее македонскиот јазик; (7) активно познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија; (8) е способно за практична работа со компјутери и (9) е работоспособно и има општа здравствена способност. Во минатото, кон првиот услов – лицето да биде дипломиран правник – беше приложен и подуслов, лицето да ги има завршено студиите со просечна оценка од најмалку 8.0.[13]

Приемот во почетната обука е достапен за секој што ги исполнува условите за прием утврдени со Законот, Статутот и општите акти на Академијата и кој успешно ќе го положи приемниот испит во една испитна сесија. Чл. 62 од Законот за Академијата определува дека „цел на приемниот испит е утврдување на степенот на стручно знаење, потребно за посетување на програмата за почетна обука". Притоа, приемниот испит се состои од полагање квалификациски тест, психолошки тест, тест за интегритет и испит.

Квалификацискиот тест е анонимен и се полага писмено, по електронски пат, со одговарање определен број прашања во вид на решавање електронски тест на компјутер, а има цел по пат на проверка на знаењата на пријавените кандидати на домашното материјално и процесно право, меѓународното право, правото на Европската Унија и најзначајните пресуди на Европскиот суд за човекови права да ги селектира кандидатите според квалитет, определен како минимум знаење за посетување на програмата за почетна обука. Психолошкиот тест има цел да ги провери социјалните способности на кандидатите за да ги афирмира за вршење на функцијата судија и јавен обвинител. Етичките и моралните вредности на кандидатот се проверуваат преку тестот за интегритет, додека, пак, севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука се проверуваат преку тестот што се состои од два дела: практичен дел и устен дел. На практичниот дел, преку решавање на студијата на случај се проверуваат теоретското знаење, способноста за примена на законите во практиката, логичното и аналитичното мислење, правното изразување и писмената комуникација на кандидатот. Со усниот дел, пак, на кој кандидатите добиваат по едно прашање од секоја студија на случај, едно правно прашање (вклучувајќи ја и судско-обвинителската етика) и едно прашање од општа култура се врши проверка на знаењата на кандидатот, способноста за изразување, елоквенција, разбирањето на значењето на функцијата судија или јавен обвинител.

Лицата што се примени во Академијата и посетуваат почетна обука стекнуваат статус на слушатели на почетна обука. Правилата за траењето, статусот, правата и обврските на слушателите на почетната

12 Најчевска Мирјана, Габер-Дамјановска, Наташа, Бојана Наумовска, Љуан Имери, АКАДЕМИЈА за судии и јавни обвинители „Павел Шатев": анализа на актуелното системско позиционирање на институцијата и нејзината улога во обуката на правосудниот кадар, ОБСЕ, Скопје, 2020, стр. 5.

13 Центар за правни истражувања и анализи, Функционална анализа за Академијата за судии и јавни обвинители, Скопје, 2019, стр. 54.

обука целосно се уредуваат во Правилникот за почетна обука на Академијата за судии и јавни обвинители и се доуредуваат во Правилникот за почетна обука – теоретска настава и во Програмата за почетна обука.

Во моментот на изготвувањето на овој Извештај, во собраниска процедура се наоѓа Предлог-законот за Академијата за судии и јавни обвинители. Освен новините во организацијата на Академијата, се предвидуваат измени во полагањето на приемниот испит и завршниот испит во Академијата, како и полагањето на секој од модулите во првата фаза од почетната обука. Експертската јавност е едногласна во ставот дека новите начини за полагање на испитите се посоодветни и поедноставени за да ги одмерат знаењата на кандидатите. Притоа, селекцијата на кандидатите во иднина ќе се остварува преку повеќефазно полагање на приемниот испит (теоретско, практично, познавање јазик и психолошко тестирање), чија цел би била темелно да ги провери комплетното знаење и подготвеноста на кандидатот. Новото законско решение што се предлага повторно става поголем акцент на практичната обука преку враќање на симулацијата на судења како начин на оценување, особено како дел од полагањето на завршниот испит.

## 1.5 ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТОТ

Наспроти вообичаеното определување на адвокатурата, судската и јавнообвинителската функција како правнички професии, за целите на ова истражување, го проширивме опсегот на занимања што се вбројуваат како правни професии за нотарската и извршителската професија. Причината за ваквото наше екстензивно истражување е актуелната правна регулатива според која влезот и во овие две правнички професии е условен со исполнување на 3-те погоре наведени услови (1. соодветен степен на високо образование, 2. положен правосуден испит и 3. соодветно работно искуство). Вреди да се напомене дека со ова се напушти старото решение според кое положениот правосуден испит не беше услов за полагање на нотарскиот испит. Се чини дека идејата на законодавецот била изедначување на критериумите и правилата за пристап до правничката професија, како и заострување на условите со што би се обезбедил подобар квалитет на вршителите на овие професии. Додека, пак, поради спецификите на работните обврски, се предвидува и задолжително полагање нотарски испит.

Условите за именување за нотар се пропишани во чл. 10 од Законот за нотаријатот. Така, едно лице ќе може да биде именувано за нотар доколку: (1) е државјанин на Република Македонија; (2) е деловно способно и има општа здравствена способност; (3) е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник, кој според Болоњската декларација има 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома за завршени правни студии во странство во траење од четири години или според Болоњската декларација има 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС); (4) има положено правосуден испит; (5) има положено нотарски испит; (6) има најмалку три години работен стаж на правни работи по положен правосуден испит или две години работен стаж во нотарска канцеларија по положен правосуден испит; (7) не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци или да не му биде изречена забрана за вршење професија, дејност или должност; (8) да даде изјава заверена од нотар дека ќе обезбеди соодветна опрема и простории за вршење на нотарската служба; (9) да даде изјава пред нотар дека не е презадолжено, со сите последици од давање лажен исказ; (10) активно да го владее македонскиот јазик и неговото кирилско писмо; и (11) да не му престанала функцијата судија, односно не му престанал работниот однос како државен службеник, помошник нотар, заменик нотар, адвокат или извршител со правосилна одлука во дисциплинска постапка додека не поминат три години од денот на правосилноста на одлуката.

Нотарскиот испит се спроведува согласно Законот за нотаријатот[14] и Правилникот за начинот на организирањето и полагањето на нотарскиот испит[15]. Тој се спроведува како механизам на проверка на степенот на знаење што ги поседува кандидатот за правните институти во врска со вршењето на нотарската дејност, а особено на правните прописи со кои се уредува нотарската служба, составувањето, заверката и легализацијата на исправите во односите со меѓународен елемент, трговските друштва, претпријатијата и правните лица воопшто, евиденцијата на правата на недвижности, наследното, семејното, стварното и облигационото право, парничната, вонпарничната и извршната постапка и кривичното право во делот што е од значење за вршење на нотарската служба, како и практичното знаење на кандидатот во изготвување нотарски исправи и заверки.

## 1.6 ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Правната рамка со која поблиску се уредуваат условите за „влез" во правничката професија извршител се состои од Законот за извршување[16] и Правилникот за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители.[17].

Чл. 33 од Законот за извршување предвидува дека: „За извршител може да биде именувано лице што ги исполнува следниве услови: 1) да биде државјанин на Република Македонија; 2) да биде деловно способно и да има општа здравствена способност; 3) да биде дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС); 4) да има положено правосуден испит; 5) да има положен испит за извршител; 6) да има работно искуство на правни работи најмалку пет години по завршувањето на правните студии; 7) активно да го владее македонскиот јазик; 8) да не биде осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци или да не му биде изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност; 9) да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор што се потребни и соодветни за вршење извршни работи и 10) да даде изјава пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање лажен исказ.

Со испитот за извршители се проверува познавањето на правните прописи што ги уредуваат: извршување, парнична постапка, вонпарнична постапка и нотаријат; кривично право (општ и посебен дел); стварно право и катастар и трговско право и стечај. Испитот се состои од два дела, писмен и устен дел. Со писмениот дел од испитот се проверува способноста за примена на законите во практиката и тој се состои од практична примена на Законот за извршување во два реални предмети. На усниот дел, пак, се поставуваат по пет прашања од секоја област од горенаведените правни области.

14 „Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16 и 233/18.
15 „Службен весник на РМ" бр. 32/19 и 47/19.
16 „Службен весник на РМ" бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20.
17 „Службен весник на РМ" бр. 33/19 и 47/19.

# Втор дел:

# СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Првиот чекор кон пристап во правничката професија е стекнувањето звање дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити. Со други зборови, завршување на студиската програма правни студии, која е организирана и се спроведува на шесте правни факултети што се вклучени во ова истражување и се партнери во овој Проект.

Целта на студиската програма ***правни студии*** е оспособување кадри за профилот дипломиран правник што го разбираат комплексниот систем на општествените односи и нивната правна уреденост, знаат и умеат да ги почитуваат и да ги заштитат правата на човекот и граѓанинот во сите сфери на општественото дејствување и се соодветно подготвени за работа во правничката професија. Поконкретно[18], студентите по право и младите правници:

- ќе стекнат знаење и разбирање во областа на правните науки;
- ќе развијат способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци;
- ќе може да оценуваат теоретски и практични прашања, да даваат објаснување за причините и да изберат соодветно решение;
- ќе се оспособат за примена на знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;
- ќе развијат пристап кон сопственото знаење и разбирање на правото; и
- ќе стекнат вештини за читање и разбирање на стручната литература и стекнување вештина за толкување на уставните, законските и останатите правни норми, како и критички пристап при анализата на правните норми.

За да може да вршат упис на студенти на студиската програма по правни студии, високообразовната установа потребно е да добие решение за (повторна) акредитација на соодветната студиска програма на прв, втор или трет циклус на студии. Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а по барање на високообразовната установа може да се започне постапка и пред истекот на тој временски период, а надлежен орган е Агенцијата за евалуација на високото образование, т. е. Одборот за акредитација на високото образование. Постапката за акредитација е регулирана со Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за ак-

18 Елаборат за повторна акредитација на студиска програма правни студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2022; Елаборат за акредитација на студиска програма правни студии на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, 2020.

редитација на студиските програми[19], а таа започнува со поднесување барање од основачот на високообразовната установа, односно од високообразовната установа. Барањето за акредитација на студиска програма се врши преку Елаборат за акредитација на студиска програма согласно усвоените Обрасци за акредитирање студиски програми од прв, втор и трет циклус на студии, кој содржи податоци врз основа на кои се утврдува исполнетоста на законски поставените стандарди.

Во чл. 17 од Правилникот е регулирано дека за спроведување на постапката за акредитација во рамките на своите надлежности, Одборот за акредитација формира стручна комисија за акредитација на студиска програма што е составена од најмалку тројца членови, но секогаш во непарен број, од соодветното научно поле и/или област за која се однесува барањето за акредитација. Претседателот и членовите на стручната комисија (рецензентска комисија) за акредитација од соодветно научноистражувачко подрачје, поле или област ги избира Одборот за акредитација со носење Одлука за нејзино формирање. Стручната комисија му доставува на Одборот за акредитација извештај за акредитација, односно информација за потреба од докомплетирање на проектот, односно елаборатот, кој треба да биде потпишан од сите членови како потврда дека се согласуваат со мислењето изнесено во извештајот. Извештајот на стручната комисија содржи три дела: 1) преглед и анализа на доставената документација; 2) мислење во однос на исполнетоста на законските услови за акредитација; и 3) предлог до Одборот за акредитација што може да биде: 1. позитивен – да се даде акредитација; 2. условен – да се даде акредитација со доставување документи што недостасуваат, а се наведени во извештајот од стручната комисија; 3. да се врати проектот/елаборатот на доработка и да се постапи по забелешките од стручната комисија, или 4. негативен – не се усвојува проектот/елаборатот бидејќи не се исполнети законските услови за добивање акредитација. И, на крајот, Одборот за акредитација го усвојува извештајот и донесува решение за акредитација на соодветната студиска програма на прв, втор или трет циклус на студии.

Во овој дел од Извештајот се врши анализа на наставните програми, кои се нудат на шест избрани правни факултети (***државни и приватни***) што работат во Република Северна Македонија со цел да се утврди дали и во кој степен наставните програми ги оспособуваат студентите по право за работа во правничката професија по завршувањето на факултетот. Од анализата ќе се детектираат и разликите што постојат помеѓу наставните програми. И, конечно, додадената вредност на овој дел се податоците што се добиени врз основа на анкета на наставниот кадар и студентите на правните факултети, а со цел да се разберат и да се чујат нивните ставови и размислувања во однос на нивото на квалитет на сегашните наставни програми и степенот на подготвеност на студентите по право за вклучување на пазарот на трудот и за практикување некоја од правничките професии.

## 2.1 ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ

Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје е единица при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, основан во 1951 година. Од основањето до денес, факултетот извршува наставно-образовна и научноистражувачка дејност од областа на правните науки, со цел подоцна да се прошири и во областа на политичките науки и комуникологија (новинарство и односи со јавноста), со што оспособува високостручни и научни кадри во областа на правните професии и правната наука.

Правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје се постојни од неговото основање во 1951 година. За целиот период на работа, студиската програма по правни студии претрпела низа промени со намера да се даде соодветен одговор на потребите на општествено-економските текови во државата. Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, во академската

19 „Службен весник на РСМ“ бр. 256/2022.

2021/22 година во прва година на правни студии на Правниот факултет во Скопје се запишале вкупно 284 студенти.

Постојниот модел на студирање на студиската програма по правни студии во два циклуса – прв циклус додипломски студии во траење од 3 години и втор циклус постдипломски студии во траење од две години беше воведен во 2005 година. Транзицијата од четиригодишните правни студии со моделот на студирање 3 + 2 беше направена со цел правните студии да станат дел од заедничкиот европски образовен простор, но да се понуди и студиска програма што истовремено ќе ги задоволи барањата на студентите, младите правници и пазарот на трудот за стекнување различен степен на општи и специфични знаења и вештини, развиени во различни циклуси на образование. Притоа, целта на првиот циклус на академски студии (додипломски студии) е оспособување на студентите со општи, базични и темелни познавања, додека, пак, на вториот циклус на студии се добиваат знаења во специфични области.

На првиот циклус (додипломски студии) се изучуваат 26 задолжителни предмети, соодветно распределени во 6 семестри согласно Законот. На овој циклус на студии не се предвидени изборни предмети. Наставните програми по студиската програма на прв циклус на правни студии се структурирани на начин што студентот стекнува основно правничко образование, како и соодветни знаења и вештини од областа на правните науки што подоцна му даваат можност за специјализација во потесно правно подрачје. Во првата година на студиите се започнува со изучување на основите на правото, неговиот развој и улогата во општествениот живот. Потоа, се продолжува со изучување на основните на правниот систем, како и на класичните правни дисциплини. На крајот од првиот циклус на студии се врши заокружување на теоретските знаења со изучување на процесните научни области. Поради специфичниот карактер на регулираната сфера на правото, свесни за потребата од поттикнување и развој на правничко резонирање, аргументирање и примена на стекнатите теоретски знаења, на факултетот се основани неколку Центри што се од клучно значење за подготовка на студентите по право за практикување на правото, како што се Центарот за правна клиничка едукација по казнено право, Центарот за клиничка настава за спречување корупција и судир на интереси, Центарот за правна клиничка едукација за владеење на правото, заштита на човекови права и слободи и стратешко парничење, Центарот за право на бегалци и миграција или Правната клиника по меѓународно приватно право, меѓународно арбитражно право и инвестициска арбитража, односно центарот ***moot court***.

Преку постепено надградување на знаењето и компетенциите, со внимателно водење на студентот од општите кон потесните правни дисциплини, студиската програма на прв циклус на правни студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје овозможува создавање квалитетен правнички кадар. По комплетирањето на обврските од студирањето, студентот стекнува 180 ЕКТС кредити распоредени во 6 семестри. По завршувањето на тригодишните универзитетски студии од прв циклус, студентите стекнуваат звање дипломиран правник (***Bachelor of Laws***, LLB).

Важно е да се напомене дека за време на изработката на овој Извештај, Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје ја спроведува постапката за повторна акредитација на студиската програма по правни студии. Концептот на новата структура на студиската програма произлегла од потребите за осовременување на системот на студирање право и нивно приспособување на современите тенденции во правничкото образование. Централен фокус на овие измени е на студентите да им се обезбеди правничко образование, кое ќе соодветствува со потребите што ги наметнува пазарот на трудот, за овој степен на студии, и да овозможи солидна основа за вертикална проодност кон вториот циклус на академски студии (постдипломски студии). Оттука, студиската програма овозможува спроведување образовен процес насочен кон студентот (***student-centered education***), образование што ќе се темели врз основните педагошки поставки, образовни стандарди и етички принципи, а ќе ги вклучува најсо-

времените начини и методи за оспособување стручни кадар во правните професии и нивна понатамошна специјализација. Студиската програма, според нејзината структура, е иста како претходната, но постои значително осовременување во поглед на дизајнот на предметните програми, системот на оценување и литературата што ќе се користи за совладување на наставната материја.

Имајќи го предвид законскиот услов предвиден во сите релевантни законски прописи за пристап до правничката професија, анализирани во првиот дел од овој Извештај, дипломираниот правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломираниот правник со стекнати 300 кредити, студентите што ќе завршат прв циклус на правни студии на Правниот факултет во Скопје или четиригодишни студии на некоја друга високообразовна институција во државата, а кои сакаат да полагаат правосуден испит за да може да се занимаваат со некоја од регулираните правнички професии, неопходно е да го заокружат својот процес на образование на вториот циклус (постдипломски студии) на некоја од вкупно 11-те понудени студиски програми (едногодишни или двегодишни).[20] Со положување на предметите од вториот циклус на студии и со одбрана на магистерскиот труд, во текот на 4, односно 2 семестри студентот стекнува 120/60 ЕКТС кредити (или вкупно 300 ЕКТС кредити од прв циклус и втор циклус) и стекнува звање магистер по право од соодветната област (или, на англиски, ***Master of Laws***, LLM).

## 2.2 ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се јавува како организатор на четиригодишни академски студии од прв циклус на студиската програма по правни студии. Со завршувањето на оваа студиска програма, студентите по право и младите правници ги стекнуваат следните општи и специфични квалификации: разбирање на општите области на правото, способност за пронаоѓање и поткрепување со аргументи во рамките на правната област, соодветно ниво на теоретски знаења и практични техники во решавањето на правните прашања, способност да презентира, да дебатира и да соопштува професионално знаење и приоди за соодветни правни проблеми и прашања пред стручна и нестручна јавност од областа на правото, вештини за професионално и научно пишување од областа на правото.

Студиската програма по правни студии на Правниот факултет во Штип, на која во академската 2021/22 година за првпат се запишале 74 студенти – млади правници, е конципирана во 4 години, односно осум семестри. По завршувањето на предметите од првите три години студентите имаат можност да изберат еден од четирите модули (модул Казнено право, модул Деловно право, модул Граѓанско право и модул Меѓународно право и меѓународни односи), кои им овозможуваат потесна специјализираност во одредено поле. Со цел развој, поттикнување и зајакнување на практичните вештини и знаења на студентите по право, покрај задолжителната практична настава што се изведува под надзор на ментор или во облик на интердисциплинарен проект преку вклучување во реализација на наставата на истакнати стручњаци од практиката, заинтересираните студенти може да се вклучат во работата на единствената Правна клиника што функционира на факултетот, а чија основна надлежност е обезбедување примарна бесплатна правна помош онаму каде што е најпотребна. Студентите под менторство на наставниот кадар ќе може директно да се вклучат во работењето на Правната клиника како креативна можност за усовршување на правните вештини и практикување на правото надвор од традиционалните наставни програми.

20 Административно право и јавна администрација, Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право, Деловно право, Историја на правото, Казнено право, Корпоративно право, Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ, Право на интелектуална сопственост, Римско право и приватно-правна традиција, Уставно право и Финансово право.

Со завршувањето на академските четиригодишни студии од прв циклус, студиска програма по правни студии организирани на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, односно со положување 40 правни предмети, студентите стекнуваат 240 ЕКТС (VI ниво на Националната рамка на високообразовни квалификации) и имаат звање дипломиран правник. Додека, пак, за да може да пристапат до правничките професии, да го полагаат правосудниот испит, да се пријават за обука во Академијата за судии и јавни обвинители или да може да се пријават за полагање на нотарскиот, односно испитот за извршители, потребно е дипломираните правници да стекнат уште 60 кредити во текот на една година (два семестри). Во однос на студиските програми од вториот циклус на студии, факултетот има акредитирано четири едногодишни студии, и тоа по Деловно право, Казнено право, Граѓанско право и Европско право. Со заокружување и на вториот циклус на студии, стекнувајќи 300 ЕКТС кредити, младите правници ги исполнуваат законски предвидените услови за „влез" во посакуваната правничка професија.

## 2.3 ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – КИЧЕВО (БИТОЛА И СТРУГА)

Студиската програма по правни студии за прв циклус на академски студии е организирана и на **Правниот факултет – Кичево (Битола и Струга)** со цел да профилира кадри што ќе ги стекнат потребните знаења и вештини за работење во сферата на правосудството, адвокатурата, нотаријатот и извршителската професија. Притоа, една од најважните цели на оваа студиска програма произлегува од потребата за оспособување на студентот во повеќе области на правото, како во поглед на неговата апликативна димензија, така и во поглед на научноистражувачките потенцијали.

Основната цел на студиската програма по правни студии, која е организирана како четиригодишни академски студии од прв циклус, е продлабочување, проширување и подигнување на степенот на знаење на студентите за 40 научни дисциплини вклучени во наставната програма. Во рамките на овој циклус, низ структурата на задолжителни и изборни правни предмети, 110 студенти што во академската 2021/22 година се запишале во прва година на студиската програма по правни студии на Правниот факултет во Кичево имаат можност да се запознаат со: основните и специфичните процеси, односи, институции и актери во правните односи, институциите и суштествените правни феномени и појави во Република Северна Македонија, како и со основните принципи на правото и македонскиот правен систем.

Неопходноста за поврзување на теоретските сознанија при решавањето проблеми од практиката е препознаена уште за време на студиите, па токму во оваа насока, во секоја студиска година е предвидена задолжителна практична настава. Дополнително, на факултетот се основани и неколку Центри чија задача е преземање активности за професионален развој и зголемување на компетенциите, вештините и стручните квалификации на студентите и младите правници со цел поврзување на стекнатото правничко образование со потребите на пазарот на трудот и најновите трендови, како и запознавање на студентите со секојдневните проблеми и предизвици на правничката професија (Центарот за професионални обуки и кариерен развој, Одделението за клиничко-правно образование – Правна клиника, Одделението за ИКТ подготовка на правници).

Со комплетирањето на обврските од сите 8 семестри, студентот стекнува 240 ЕКТС кредити и звање дипломиран правник. Поради законски предвидениот број на 300 ЕКТС кредити за пристап кон правничката професија, на младите правници што ќе дипломираат на четиригодишните правни студии на Правниот факултет во Кичево им недостасуваат уште 60 кредити што може да ги остварат преку вториот циклус на постдипломски студии на 5 студиски програми: Казнено право и кримино-

логија, Административно право и администрација, Бизнис право, Меѓународно право и меѓународни односи и Човекови права и демократија. Студиските програми се во траење од една година, односно два семестри.

## 2. 4. ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – ТЕТОВО (ТЕТОВО И СКОПЈЕ)

Правниот факултет при **Универзитетот на Југоисточна Европа** (Тетово и Скопје) е интегрирана единица на **Универзитетот на Југоисточна Европа** – Тетово, основан во 2001 година. Од основањето до денес, факултетот извршува наставно-образовна и научноистражувачка дејност од областа на правните науки, а подоцна се прошири и во другите области, и тоа: криминалистика и безбедност, како и во областа на правната информатика, а со тоа оспособува високостручни и научни кадри во областа на правните професии и правната наука. За целиот период на работа, студиската програма по правни студии претрпела низа промени со намера да се даде соодветен одговор на потребите на општествено-економските текови во државата. Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, во академската 2021/22 година во прва година на правни студии на Правниот факултет се запишале вкупно 99 студенти.

Постојниот модел на студирање на студиската програма по правни студии во два циклуса – прв циклус додипломски студии во траење од 4, односно 3 години (ова е сега веќе четвртата генерација откако студиите траат 4 години) и втор циклус постдипломски студии во траење од една година (а пред оваа беа акредитирани 2 години втор циклус на студии, кои сè уште се во сила според дадените можности). Оваа транзиција од четиригодишните правни студии со моделот на студирање 3 + 2 беше направена со цел правните студии да станат дел од заедничкиот европски образовен простор, но да се понуди и студиска програма што истовремено ќе ги задоволи барањата на студентите, младите правници и пазарот на трудот за стекнување различен степен на општи и специфични знаења и вештини, развиени во различни циклуси на образование. Но овој систем и начин на студирање како да не ги даде очекуваните резултати, па затоа универзитетот одлучи во сите централизирани единици – факултети да го врати поранешното решение за студирање, односно моделот 4 + 1. И така, еве веќе четврта генерација студира правни студии со моделот на студирање 4 + 1. Меѓутоа, целта на првиот циклус на академски студии е оспособување на студентите со општи, базични и темелни познавања, додека, пак, преку вториот циклус на студии студентите добиваат знаења во специфични области.

На првиот циклус од студиите се изучуваат вкупно 42 предмети, соодветно распределени во 8 семестри согласно Законот. На овој циклус на студии се предвидени и изборни предмети. Наставата, како на првиот циклус, така и на вториот циклус на студии се одвива на албански јазик, на македонски јазик, како и на англиски јазик. Универзитетот има дисперзирани студии и во Скопје. Наставните програми по студиската програма на прв циклус на правни студии се структурирани на начин што студентот стекнува основно правничко образование, како и соодветни знаења и вештини од областа на правните науки што подоцна му даваат можност за специјализација во потесно правно подрачје. Во првата година на студиите се започнува со изучување на основите на правото, неговиот развој и улогата во општествениот живот. Потоа, се продолжува со изучување на основните на правниот систем, како и на класичните правни дисциплини. На крајот од првиот циклус на студии се врши заокружување на теоретските знаења со изучување на процесните научни области. Поради специфичниот карактер на регулираната сфера на правото, свесни за потребата од поттикнување и развој на правничко резонирање, аргументирање и примена на стекнатите теоретски знаења, на факултетот е основана Правната

клиника **ЕМИНЕ ЗЕНДЕЛИ** по казнено и граѓанско право, која е од клучно значење за подготовката на студентите.

Преку постепено надградување на знаењето и компетенциите, со внимателно водење на студентот од општите кон потесните правни дисциплини, студиската програма на прв циклус на правни студии овозможува создавање квалитетен правнички кадар. По комплетирањето на обврските од студирањето, студентот стекнува 240 ЕКТС кредити распоредени во 8 семестри. По завршувањето на четиригодишните универзитетски студии од прв циклус, студентите стекнуваат звање дипломиран правник.

Имајќи го предвид законскиот услов предвиден во сите релевантни законски прописи за пристап до правничката професија, анализирани во првиот дел од овој Извештај, дипломираниот правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии, студентите што ќе завршат прв циклус на правни студии, а кои сакаат да полагаат правосуден испит за да може да се занимаваат со некоја од регулираните правнички професии, неопходно е да го заокружат својот процес на образование на вториот циклус на некоја од вкупно 5-те понудени студиски програми. Во зависност од желбите и амбициите, младите правници може да се доостручат на некоја од следните студиски програми (едногодишни или двегодишни): Уставно и Административно право, Граѓанско право, Казнено право, Меѓународно право, и Криминалистика и Безбедност. Со положувањето на предметите од вториот циклус на студии и одбрана на магистерскиот труд, во текот на IV, односно II семестри студентот стекнува 120/60 ЕКТС кредити (или вкупно 300 ЕКТС кредити од прв циклус и втор циклус) и стекнува звање магистер по право од соодветната област.

## 2.5. ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО

Правниот факултет при **Универзитетот во Тетово** е интегрирана единица на **Универзитетот** во Тетово (поранешен Државен универзитет во Тетово), основан во 2004 година. Од основањето до денес, факултетот извршува наставно-образовна и научноистражувачка дејност, меѓу кои од областа на правните науки, политичките науки, новинарството и, на крајот, криминалистиката. За целиот овој период на работа, студиската програма по правни студии претрпела низа промени со намера да се даде соодветен одговор на потребите на општествено-економските текови во државата.

Наставата, како на првиот циклус, така и на вториот циклус на студии се одвива на албански јазик и на македонски јазик. Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, во академската 2021/22 година во прва година на правни студии на Правниот факултет се запишале вкупно 124 студенти. Постојниот модел на студирање на студиската програма по правни студии во два циклуса – прв циклус додипломски студии во траење од 4, односно 3 години (оваа е втората генерација, според новиот модел) и втор циклус постдипломски студии во траење од една година, односно две години (сè уште се применуваа двегодишните акредитирани програми од вториот циклус на студии). Оваа транзиција од четиригодишните правни студии со моделот на студирање 3 + 2 беше направена со цел правните студии да станат дел од заедничкиот европски образовен простор, но да се понуди и студиска програма што истовремено ќе ги задоволи барањата на студентите, младите правници и пазарот на трудот за стекнување различен степен на општи и специфични знаења и вештини, развиени во различни циклуси на образование. Но овој систем и начин на студирање како да не ги даде очекуваните резултати, па затоа Универзитетот одлучи сите централизирани единици – факултети да го вратат поранешното решение за студирање, односно стариот модел на студирање 4 + 1. И, така, еве веќе втора генерација студира правни студии со моделот на студирање 4 + 1. Меѓутоа, целта на првиот циклус на академски студии е оспособување на студентите со општи, базични и темелни познавања, додека, пак, преку вториот циклус на студии студентите добиваат знаења во специфични области.

На првиот циклус се изучуваат вкупно 40 предмети, соодветно распределени во 8 семестри согласно Законот. На овој циклус на студии се предвидени и изборни предмети. Наставните програми по студиската програма прв циклус на правни студии се структурирани на начин што студентот стекнува основно правничко образование, како и соодветни знаења и вештини од областа на правните науки што подоцна му даваат можност за специјализација во потесно правно подрачје. Во првата година на студиите се започнува со изучување на основите на правото, неговиот развој и улогата во општествениот живот. Потоа, се продолжува со изучување на основните на правниот систем, како и на класичните правни дисциплини. На крајот од првиот циклус на студии се врши заокружување на теоретските знаења со изучување на процесните научни области.

За жал, на правниот факултет при Универзитетот во Тетово не се организира правна клиника, која е последица на законската одредба од Законот за високо образование, според која правна клиника може да основаат и да спроведуваат само правните факултети на универзитетите што се рангирани до бројот 7, а, пак, Универзитетот во Тетово, според последното рангирање извршено од страна на МОН (2016), се рангира на 8-то место.

Преку постепено надградување на знаењето и компетенциите, со внимателно водење на студентот од општите кон потесните правни дисциплини, студиската програма на прв циклус на правни студии овозможува создавање квалитетен правнички кадар. По комплетирањето на обврските од студирањето, студентот стекнува 240 ЕКТС кредити распоредени во 8 семестри. По завршувањето на четиригодишните универзитетски студии од прв циклус, студентите стекнуваат звање дипломиран правник.

Имајќи го предвид законскиот услов предвиден во сите релевантни законски прописи за пристап до правничката професија, анализирани во првиот дел од овој Извештај, дипломираниот правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии, студентите што ќе завршат прв циклус на правни студии, а кои сакаат да полагаат правосуден испит, за да може да се занимаваат со некоја од регулираните правнички професии, неопходно е да го заокружат својот процес на образование на вториот циклус на некоја од вкупно 5-те понудени студиски програми. Во зависност од желбите и амбициите, младите правници може да се доостручат на некоја од следните студиски програми (едногодишни или двегодишни): Уставно и Административно право, Граѓанско право, Казнено право, Меѓународно право, и Безбедност и Криминалистика. Со положување на предметите од вториот циклус на студии и со одбрана на магистерскиот труд, во текот на IV, односно II семестри студентот стекнува 120/60 ЕКТС кредити (или вкупно 300 ЕКТС кредити од прв циклус и втор циклус) и стекнува звање магистер по право од соодветната област.

## 2.6. ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ, АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН

Факултетот за правни и политички науки е интегрирана единица на Американскиот универзитет на Европа – ФОН. Основан во 2003 година како Факултет за општествени науки, во 2007 година стана Првиот приватен универзитет ФОН, а, пак, во 2020 година се преименува во Американскиот универзитет на Европа – ФОН, но, исто така, се преименува и факултетот, односно стана Факултет за правни и политички науки, кој претставуваа негова интегрирана единица. Од основањето до денес извршува наставно-образовна и научноистражувачка дејност и од обласва на правните науки, со што оспособува високостручни и научни кадри во обласва на правните професии и правната наука. Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, во академската 2021/22 година во прва година на правни студии на Факултет за правни и политички науки се запишал вкупно 21 студент.

За целиот овој период на работа, студиската програма по правни студии претрпела низа промени со намера да се даде соодветен одговор на потребите на општествено-економските текови во државата.

Постојниот модел на студирање на студиската програма по правни студии во два циклуса – прв циклус додипломски студии во траење од 3 години и втор циклус постдипломски студии во траење од една (специјалистички) плус една години (мастер студии). Транзицијата од четиригодишните правни студии со моделот на студирање 3 + 2 беше направена со цел правните студии да станат дел од заедничкиот европски образовен простор, но да се понуди и студиска програма што истовремено ќе ги задоволи барањата на студентите, младите правници и пазарот на трудот за стекнување различен степен на општи и специфични знаења и вештини, развиени во различни циклуси на образование. Притоа, целта на првиот циклус на академски студии е оспособување на студентите со општи, базични и темелни познавања, додека, пак, на вториот циклус на студии се добиваат знаења во специфични области.

Поголемиот дел од наставата се изведува на македонски јазик, а, пак, само мал дел од наставата се изведува и на албански јазик. На првиот циклус се изучуваат 30 предмети, соодветно распределени во 6 семестри согласно Законот. На овој циклус на студии се предвидени изборни предмети. Наставните програми по студиската програма на прв циклус на правни студии се структурирани на начин што студентот стекнува основно правничко образование, како и соодветни знаења и вештини од областа на правните науки што му подоцна даваат можност за специјализација во потесно правно подрачје. Во првата година на студиите се започнува со изучување на основите на правото, неговиот развој и улогата во општествениот живот. Потоа се продолжува со изучување на основните на правниот систем, како и на класичните правни дисциплини. На крајот од првиот циклус на студии се врши заокружување на теоретските знаења со изучување на процесните научни области. Поради специфичниот карактер на регулираната сфера на правото, се доаѓа до свесност за потребата од поттикнување и развој на правничко резонирање, аргументирање и примена на стекнатите теоретски знаења. Поради истите причини од кои Правниот факултет при Универзитетот во Тетово не може да организира Правна клиника, истата судбина ја има и Факултетот за правни и политички науки при Американскиот универзитет на Европа – ФОН.

Преку постепено надградување на знаењето и компетенциите, со внимателно водење на студентот од општите кон потесните правни дисциплини, студиската програма на прв циклус на правни студии на Факултетот за правни и политички науки овозможува создавање квалитетен правнички кадар. По комплетирањето на обврските од студирањето, студентот стекнува 180 ЕКТС кредити распоредени во 6 семестри. По завршувањето на тригодишните универзитетски студии од прв циклус, студентите стекнуваат звање дипломиран правник.

Имајќи го предвид законскиот услов предвиден во сите релевантни законски прописи за пристап до правничката професија, анализирани во првиот дел од овој Извештај, дипломираниот правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломираниот правник со стекнати 300 кредити, студентите што ќе завршат прв циклус на правни студии или четиригодишни студии на некоја друга високообразовна институција во државата, а кои сакаат да полагаат правосуден испит за да може да се занимаваат со некоја од регулираните правнички професии, неопходно е да го заокружат својот процес на образование на вториот циклус на студии на некоја од вкупно 4-те понудени студиски програми. Во зависност од желбите и амбициите, младите дипломци може да се доостручат на некоја од следните студиски програми (едногодишни или двегодишни): Казнено право, Граѓанско право, Деловно право, и Меѓународно право и Право на Европската Унија. Со положување на предметите од вториот циклус на студии и со одбрана на магистерскиот труд, во текот на IV, односно II семестри студентот стекнува 120/60 ЕКТС кредити (или вкупно 300 ЕКТС кредити од прв циклус и втор циклус) и стекнува звање магистер по право од соодветната област.

## 2.7 ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА ОНЛАЈН АНКЕТА

Овој дел од Извештајот содржи детален преглед на резултатите во однос на одговорите на онлајн прашалници што ги дадоа наставниците и студентите на правните факултети што беа опфатени со оваа Анализа. За подобра прегледност и извлекување релевантни заклучоци, резултатите се табеларно прикажани, со цел да може да се детектираат сличности и/или разлики во ставовите и размислувањата на наставниот кадар и на студентите на правните факултети. Прашалникот го одговорија вкупно 83 наставници и 182 студенти. За жал, во временскиот период во кој беше активна Анкетата, ниту еден од студентите на Правниот факултет – Кичево не одговори на прашањата од Прашалникот.

### 2.7.1 Приказ на резултатите од истражувањето на ставовите на наставниот кадар на правните факултети во Република Северна Македонија

**Табела 1: Приказ на добиените резултати од истражувањето на ставот на наставниот кадар по доставените онлајн прашалници**

| Прашања | Одговори | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дали сте задоволни со сегашните наставни програми на Правниот факултет?** | Да, целосно | 20 % | 66,7 % | 100 % | 42,3 % | 24 % | 25 % |
| | Да, донекаде | 60 % | 33,3 % | 0 % | 46,2 % | 48 % | 43,8 % |
| | Не, незадоволен | 20 % | 0 % | 0 % | 11,5 % | 24 % | 18,8 % |
| | Не, никако | 0 % | 0 % | 0 % | 0 % | 4 % | 12,5 % |
| | | | | | | | |
| **Дали наставниот кадар ги почитува и ги спроведува наставните програми во текот на академската година?** | Да, целосно | 20 % | 100 % | 100 % | 72,2 % | 28 % | 43,8 % |
| | Да, донекаде | 80 % | 0 % | 0 % | 16,7 % | 40 % | 18,8 % |
| | Не, незадоволен | 0 % | 0 % | 0 % | 5,6 % | 20 % | 25 % |
| | Не, никако | 0 % | 0 % | 0 % | 5,6 % | 12 % | 12,5 % |
| | | | | | | | |
| **Дали наставните програми на Правниот факултет се усогласени со наставните програми на правните факултети во нашата држава?** | Да, целосно | 40 % | 50 % | 0 % | 50 % | 26,1 % | 31,3 % |
| | Да, донекаде | 20 % | 50 % | 100 % | 34,6 % | 34,8 % | 31,3 % |
| | Не, се разликуваат | 40 % | 0 % | 0 % | 11,5 % | 26,1 % | 18,8 % |
| | Не, немаат никаква усогласеност | 0 % | 0 % | 0 % | 3,8 % | 13 % | 18,8 % |
| | | | | | | | |

| Прашања | Одговори | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дали наставните програми на Правниот факултет се составени согласно современите демократски трендови?** | Да, целосно | 0 % | 66,7 % | 100 % | 57,7 % | 28 % | 37,5 % |
| | Да, донекаде | 80 % | 33,3 % | 0 % | 23,1 % | 26 % | 25 % |
| | Не, незадоволен | 20 % | 0 % | 0 % | 7,7 % | 24 % | 25 % |
| | Не, никако | 0 % | 0 % | 0 % | 11,5 % | 12 % | 12,5 % |
| | | | | | | | |
| **Дали наставните програми одговараат на потребите на пазарот?** | Да, целосно | 0 % | 66,7 % | 100 % | 50 % | 24 % | 18,8 % |
| | Да, донекаде | 40 % | 33,3 % | 0 % | 30,8 % | 40 % | 56,3 % |
| | Не баш | 60 % | 0 % | 0 % | 11,5 % | 20 % | 18,8 % |
| | Не, никако | 0 % | 0 % | 0 % | 7,7 % | 16 % | 6,3 % |
| | | | | | | | |
| **Што би смениле во наставните програми?** | Бројот на предмети | 60 % | 16,7 % | 0 % | 23,1 % | 28 % | 6,3 % |
| | Бројот на часови | 0 % | 0 % | 0 % | 15,4 % | 24 % | 6,3 % |
| | Би вметнале предмети што опфаќаат повеќе практична настава | 40 % | 66,7 % | 100 % | 46,2 % | 44 % | 68,8 % |
| | Ништо не би промениле | 0 % | 16,7 % | 0 % | 15,4 % | 4 % | 18,8 % |
| | | | | | | | |
| **Дали Болоњскиот кредит-трансфер систем 3 + 2 ги** даде очекуваните резултати? | Да, целосно | 0 % | 16,7 % | 0 % | 26,9 % | 20 % | 6,3 % |
| | Да, донекаде | 40 % | 33,3 % | 0 % | 34,6 % | 32 % | 18,8 % |
| | Не баш | 60 % | 33,3 % | 100 % | 23,1 % | 32 % | 50 % |
| | Не, никако | 0 % | 16,7 % | 0 % | 15,4 % | 16 % | 25 % |
| | | | | | | | |
| **Дали Вашиот Правен факултет е (беше) спремен за враќање на старото решение за организирање настава 4 + 1?** | Да, целосно | 20 % | 66,7 % | 100 % | 65, 4 % | 45,8 % | 50 % |
| | Да, донекаде | 20 % | 33,3 % | 0 % | 15,4 % | 29,2 % | 12,5 % |
| | Не баш | 60 % | 0 % | 0 % | 15,4 % | 20,8 % | 25 % |
| | Не, никако | 0 % | 0 % | 0 % | 3,8 % | 4,2 % | 12,5 % |
| | | | | | | | |

| Прашања | Одговори | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дали со спроведување на сегашните наставни програми студентите стекнуваат повеќе практични правни вештини?** | Да, целосно | 0 % | 50 % | 0 % | 26,9 % | 28 % | 12,5 % |
| | Да, донекаде | 20 % | 33,3 % | 100 % | 65,4 % | 36 % | 62,5 % |
| | Не баш | 80 % | 16,7 % | 0 % | 7,7 % | 28 % | 12,5 % |
| | Не, никако | 0 % | 0 % | 0 % | 0 % | 8 % | 12,5 % |
| | | | | | | | |
| **Дали Вашите студенти по завршувањето на првиот и вториот циклус на студии се доволно оспособени за приправништво и работа во правничката професија?** | Да, целосно | 0 % | 50 % | 100 % | 53,8 % | 32 % | 25 % |
| | Да, донекаде | 80 % | 33,3 % | 0 % | 34,6 % | 48 % | 37,5 % |
| | Не баш | 20 % | 16,7 % | 0 % | 7,7 % | 16 % | 31,3 % |
| | Не, никако | 0 % | 0 % | 0 % | 3,8 % | 4 % | 6,3 % |

## 2.7.2 Приказ на резултатите од истражувањето на ставовите на студентите на правните факултети во Република Северна Македонија

**Табела 2: Приказ на добиените резултати од истражувањето на ставот на студентите по доставените онлајн прашалници**

| Прашања | Одговори | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали сте задоволни со сегашните наставни програми на Правниот факултет? | Да, целосно | 22,2 % | 80 % | | 60,9 % | 21,1 % | 21,9 % |
| | Да, донекаде | 66,7 % | 20 % | | 28,1 % | 57,9 % | 50 % |
| | Не доволно | 11,1 % | 0 % | | 7,8 % | 15,8 % | 15,6 % |
| | Не, воопшто | 0 % | 0 % | | 3,1 % | 5,3 % | 12,5 % |
| | | | | | | | |
| Дали наставните програми на Вашиот Правен факултет се составени согласно современите демократски трендови? | Да, целосно | 22,2 % | 100 % | | 60,9 % | 15,5 % | 18,8 % |
| | Да, донекаде | 61,1 % | 0 % | | 25 % | 56,9 % | 31,3 % |
| | Не доволно | 11,1 % | 0 % | | 12,5 % | 20,7 % | 28,1 % |
| | Не, воопшто | 5,6 % | 0 % | | 1,6 % | 6,9 % | 21,9 % |
| | | | | | | | |
| Дали наставните програми што Ви се понудени одговараат на потребите на пазарот? | Да, целосно | 22,2 % | 60 % | | 52,3 % | 20,7 % | 15,6 % |
| | Да, донекаде | 33,3 % | 40 % | | 38,5 % | 55,2 % | 43,8 % |
| | Не доволно | 38,9 % | 0 % | | 4,6 % | 17,2 % | 25 % |
| | Не, воопшто | 5,6 % | 0 % | | 4,6 % | 6,9 % | 15,6 % |
| | | | | | | | |
| Дали Вашиот факултет Ви нуди доволно можности за стекнување практични правни вештини во рамките на наставните програми или надвор од факултетот преку организирана практика за студентите? | Да, целосно | 11,1 % | 40 % | | 36,9 % | 18,6 % | 28,1 % |
| | Да, донекаде | 5,6 % | 40 % | | 35,4 % | 47,5 % | 21,9 % |
| | Не доволно | 55,6 % | 0 % | | 24,6 % | 20,3 % | 25 % |
| | Не, воопшто | 27,8 % | 20 % | | 3,1 % | 13,6 % | 25 % |

| Прашања | Одговори | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали сметате дека треба нешто да се промени во наставната програма на Вашиот факултет? | Да, бројот на предмети | 0 % | 0 % | | 16,9 % | 15,8 % | 9,4 % |
| | Да, би додал/-а задолжителна практична настава во рамките на секој предмет | 94,4 % | 80 % | | 47,7 % | 61,4 % | 50 % |
| | Не, задоволен/-на сум од наставната програма и не би променил/-а ништо. | 5,6 % | 20 % | | 35,4 % | 22,8 % | 40,6 % |
| | | | | | | | |
| Дали во текот на Вашите студии сте биле вклучени во работата на Правната клиника на Вашиот факултет и поради која причина? | Да, од лични амбициозни причини, со цел спојување на теоријата и праксата | 5.6% | 0% | | 34.4% | 17.2% | 9.4% |
| | Да, со цел надополнување на моето знаење поради недоволно практика во текот на студиите | 11,1 % | 40 % | | 34,4 % | 44,8 % | 21,9 % |
| | Не, немав амбиции и желба за вклучување во работата на Правната клиника | 50 % | 60 % | | 18,8 % | 20,7 % | 28,1 % |
| | На мојот факултет не е организирана Правна клиника | 33,3 % | 0 % | | 12,5 % | 17,2 % | 40,6 % |

| Прашања | Одговори | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали во текот на Вашето студирање, на сопствена иницијатива сте биле ангажирани како приправник во адвокатска канцеларија, нотар, извршител? 26,617,2 % | Да, од лични амбициозни причини, со цел спојување на теоријата и праксата | 55.6% | 40% | | 31.3% | 19% | 18.8% |
| | Да, со цел надополнување на моето знаење поради недоволно практика во текот на студиите | 11,1 % | 20 % | | 28,1 % | 46,6 % | 34,4 % |
| | Не, поради преоптовареност со предмети и испитна литература, немав можност за практика или волонтирање надвор од факултетот | 33,3 % | 20 % | | 26,6 % | 17,2 % | 28,1 % |
| | Не, немав амбиции и желба за практика или волонтирање во текот на студиите | 0 % | 20 % | | 14,1 % | 17,2 % | 18,8 % |
| | | | | | | | |
| Дали Болоњскиот кредит-трансфер 3 + 2 ги даде очекуваните резултати за вас како студенти на Правниот факултет? | Да, целосно | 11,1 % | 40 % | | 30,8 % | 15,3 % | 18,8 % |
| | Да, донекаде | 44,4 % | 60 % | | 40 % | 35,6 % | 31,3 % |
| | Не доволно | 22,2 % | 0 % | | 10,8 % | 20,3 % | 25 % |
| | Не, воопшто. | 22,2 % | 0 % | | 18,5 % | 28,8 % | 25 % |
| | | | | | | | |

| Прашања | Одговори | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дали сметате дека по завршувањето на правните студии сте доволно подготвени да го полагате правосудниот испит? | Да, целосно | 11,1 % | 0 % | | 40 % | 22,4 % | 12,5 % |
| | Да, донекаде | 61,1 % | 100 % | | 35,4 % | 46,6 % | 50 % |
| | Не доволно | 22,2 % | 0 % | | 18,5 % | 20,7 % | 21,9 % |
| | Не, воопшто | 5,6 % | 0 % | | 6,2 % | 10,3 % | 15,6 % |
| | | | | | | | |
| Дали сметате дека со враќањето на старото решение за организирање настава 4 + 1 (ќе) се подобри квалитетот на правните студии? | Да, целосно | 22,2 % | 60 % | | 55,4 % | 33,9 % | 9,4 % |
| | Да, донекаде | 33,3 % | 20 % | | 27,7 % | 49,2 % | 34,4 % |
| | Не доволно | 16,7 % | 20 % | | 13,8 % | 10,2 % | 28,1 % |
| | Не, воопшто. | 27,8 % | 0 % | | 3,1 % | 6,8 % | 28,1 % |

# Заклучни согледувања и препораки

Ефикасноста на правниот систем не зависи единствено и исклучиво од постоењето квалитетни правни прописи во кои се вградени меѓународно прифатени стандарди приспособени на домашните општество-политички и економски околности. Големо влијание врз функционалноста, ефикасноста и одржливоста на правниот систем на една држава на долг рок, несомнено, имаат и „правораздавачите“. Оттука, сегашноста и иднината на правниот систем се детерминирани од степенот на подготвеност, стручност и професионалност на лицата што се занимаваат со правничката професија.

Со цел да биде една држава сигурна дека примената на нејзините правни прописи е доверена на вистинските кадри, а истовремено и заштитена од можностите за погрешна примена или толкување на нормите и злоупотреба на правото, треба да воспостави систем што ќе „произведе“ стручни, вешти, објективни, непристрасни и независни млади правници. Низа домашни и меѓународни анализи и истражувања, кои во изминатите неколку години од различни аспекти го обработуваат прашањето за квалитетот на младите правници, сугерираат дека со помош на две решенија државата може да дојде до посакуваната цел, и тоа преку:

- континуиран развој и унапредување на системот на формално високо образование, и
- постоење модел за континуирана професионална обука, надградба и усовршување на студентите по право и младите правници.

Во овој контекст, правните факултети треба да се залагаат за имплементирање модерни наставни програми што ќе бидат усогласени со современите правни трендови, меѓународно компатибилни и димензионирани на начин на кој најдобро ќе одговорат на потребите на пазарот на трудот. Истовремено, сите останати инволвирани и засегнати страни (државата, правосудните органи, правните факултети, професионални здруженија, студентски организации) треба да дадат свој придонес за креирање и спроведување активности низ кои студентите по право и младите правници ќе го надополнат и ќе го продлабочат своето теоретско знаење со практични правнички вештини.

По спроведувањето на оваа основна студија, чија главна цел беше да се утврди правната рамка за пристап до правничките професии, се заклучи дека:

- согласно позитивно-правното законодавство во Република Северна Македонија за „влез“ во некоја од регулираните правнички професии, како што се адвокатурата, судската и јавнообвинителската функција, нотаријатот и извршителите, студентите по право и младите правници треба да исполнат три кумулативни услови што се заеднички за сите претходно наведени професии, и тоа:
    (1) да поседуваат универзитетска диплома за завршен соодветен степен на високо образование на правни студии, поточно да се работи за лица што имаат завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1, како и лица што студирале правни студии според Болоњската декларација и имаат 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);

(2) да имаат определен период работно искуство на правни работи; и

(3) да го положат правосудниот испит.

- во однос на првиот услов, универзитетска диплома за завршен соодветен степен на високо образование на правни студии, правната регулатива наложува четиригодишно високо образование на правни студии VII/1 или 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) за правни студии организирани според Болоњската декларација, а тоа значи обврска за завршени прв циклус на академски (додипломски) студии и втор циклус на академски (постдипломски) студии.

Во однос, пак, на втората димензија од истражувањето, односно детектирањето на почетната ситуација во поглед на начинот на кој се организирани правните студии на шест правни факултети во Република Северна Македонија (државни и приватни), на кои традиционално се запишуваат најголем број студенти на првиот циклус на правни студии и кои „продуцираат“ најголем број лица со звање магистер по право, во рамките на проектот ***Студентите по право и младите правници – клучни агенти на промени во унапредувањето на човековите права и владеењето на правото***, поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје, беше идентификувана и констатирана следнава состојба:

**Табела 3: Компаративен преглед на актуелната состојба на правните факултети во Република Северна Македонија**

| Индикатор | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Позиција на ранг-листа[21] | 1 544 | 3 648 | 5 051 | 4 380 | 4 639 | 14 524 |
| Број на студенти запишани на прв циклус на студии во академската 2021/22[22] | 284 студенти | 74 студенти | 110 студенти | 99 студенти | 124 студенти | 21 студент |
| Начин на организирање на првиот циклус на студии | 3 + 2 години | 4 + 1 години | 4 + 1 години | 4 + 1 години | 4 + 1 години | 3 + 2 години |
| Број на предмети што се предвидени на првиот циклус на студии | 26 предмети/6 семестри | 40 предмети/8 семестри | 40 предмети/8 семестри | 42 предмети/8 семестри | 40 предмети/8 семестри | 30 предмети/6 семестри |
| Центар за клиничка настава како внатрешна организациска единица на факултетот (постои/не постои) | ИМА | ИМА | ИМА | ИМА<br>Правна клиника Емине Зендели | НЕМА | НЕМА |
| Начин на организирање на вториот циклус на мастер студии (едногодишни и/или двегодишни) | Едногодишни и двегодишни мастер студии | Едногодишни мастер студии | Едногодишни мастер студии | Едногодишни односно двогодишни студии | Едногодишни односно двогодишни студии | Едногодишни плус едногодишни студии |

21 Извор: https://www.webometrics.info/en/europe/north%20macedonia

22 Извор: Запишани студенти на високите стручни школи и факултетите во Република Северна Македонија во академската 2021/2022 година (прв циклус на студии), Државен завод за статистика, Соопштение од 6.7.2022 г.

| Индикатор | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип | Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Кичево (Битола и Струга) | Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа | Правен факултет – Универзитет во Тетово | Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број и вид на акредитирани студиски програми на втор циклус на студии | 11 студиски програми: Административно право и јавна администрација, Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право, Деловно право, Историја на правото, Казнено право, Корпоративно право, Меѓународно јавно право, меѓународно приватно право, меѓународни односи и право на ЕУ, Право на интелектуална сопственост, Римско право и приватно-правна традиција, Уставно право и Финансово право | 4 студиски програми: Деловно право, Казнено право, Граѓанско право и Европско право | 5 студиски програми: Казнено право и криминологија, Административно право и администрација, Бизнис право, Меѓународно право и меѓународни односи и Човекови права и демократија | 5 студиски програми: Уставно и Административно право, Граѓанско право, Казнено право, Меѓународно право, и Криминалистика и Безбедност | 5 студиски програми: Уставно и Административно право, Граѓанско право, Казнено право, Меѓународно право, и Безбедност и Криминалистика | 4 студиски програми: Казнено право, Граѓанско право, Деловно право, и Меѓународно право и Право на Европската Унија |
| Број на лица што стекнале звање магистер по право во академската 2021/22[23] | 188 | 1 | 11 | 48 | 22 | 22 |

23 Извор: Магистри на науки и специјалисти, 2021, Државен завод за статистика, Соопштение од 25.3.2022 г.

Поради свесноста за исклучителното значење на размислувањата и ставовите на наставниот кадар и студентите по право за идното конципирање на содржините на наставните програми на правните факултети, како и за насоките во кои во следниот период треба да се развива правничкото образование со цел продуцирање поквалитетни кадри, до наставниот кадар и до студентите на шесте избрани правни факултети, партнери во проектот (Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола (Кичево), Правен факултет – Универзитет на Југоисточна Европа, Правен факултет – Универзитет во Тетово и Факултет за правни и политички науки – Американски универзитет на Европа – ФОН), претходно беа пратени изготвени ***онлајн*** прашалници. По спроведената анализа на пристигнатите одговори од 83 наставници и 182 студенти, може да се извлечат следниве заклучни согледувања и препораки:

- поголемиот дел од студентите се ЗА враќање на стариот модел на студирање, односно 4 **+ 1,** сметајќи дека на тој начин ќе се подобри квалитетот на правните студии во државата**;**
- како наставниот кадар, така и студентите сметаат дека треба да се направи промена во тековната наставна програма со која би се вмеле повеќе предмети што се поврзани со практичната настава;
- да се изнајде законско решение со цел на сите студенти од правните студии да им се овозможи следење клиничка настава;
- со имплементирање нови наставни програми да се предвидат предмети преку кои студентите ќе имаат можност да стекнат доволно знаење и вештини, при што по завршувањето на првиот и вториот циклус на студии**,** ќе бидат подготвени да одговорат на првиот предизвик, полагање на правосудниот испит, како и да одговорат на потребите на пазарот на трудот**;**
- наставниот кадар да ги искористи сите свои стручни, академски и професионални капацитети и вештини со цел да го даде максимумот за подготвување на следните генерации студенти по право и младите правници за успешно справување со предизвиците што со себе ги носи правничката професија**.**

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Најчевска Мирјана, Габер-Дамјановска, Наташа, Бојана Наумовска, Љуан Имери, АКАДЕМИЈА за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“: анализа на актуелното системско позиционирање на институцијата и нејзината улога во обуката на правосудниот кадар, ОБСЕ, Скопје, 2020.
- Петровска, Натали, Емилија Спасовска и Лепосава Огњаноска, Зајакнување на улогата на Академијата за судии и јавни обвинители во контекстот на политиките за борба против корупцијата, Policy Brief, USAID, 2020.
- Центар за правни истражувања и анализи, Функционална анализа за Академијата за судии и јавни обвинители, Скопје, 2019.


## Правни прописи


- Закон за високото образование, „Службен весник на РМ“ 82/2018.
- Закон за адвокатурата, „Службен весник на РМ“ бр. 59/2002, 10/2003, 34/2003, 60/2006, 29/2007, 8/2008, 106/2008, 20/2009, 117/2009, 135/2011, 113/2012, 148/2015.
- Закон за правосудниот испит, „Службен весник на РСМ“ бр. 190/2019.
- Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, „Службен весник на РМ“ 20/2015, 192/2015, 231/2015, 163/2018.
- Закон за нотаријатот, „Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18.
- Закон за извршување, „Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18 и 14/20.
- Правилник за начинот на полагање на правосудниот испит и за формата и содржината на уверението за положен правосуден испит, „Службен весник на РСМ“ 263/2019 и 37/2020.
- Статут на Академијата за судии и јавни обвинители, „Службен весник на РМ“ 56/2015, 205/2018 и 115/2019.
- Правилник за начинот на организирањето и полагањето на нотарскиот испит, „Службен весник на РМ“ бр. 32/19 и 47/19.
- Правилник за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршител, „Службен весник на РМ“ бр. 33/19 и 47/19.
- Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, „Службен весник на РСМ“ бр. 256/2022.


## Интернет-страници


- www.pf.ukim.edu.mk
- www.pfk.uklo.edu.mk
- www. pf.ugd.edu.mk
- www.seeu.edu.mk
- www.unite.edu.mk
- www.fon.edu.mk

# ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1:
## ПРАШАЊА ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР НА ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ

1. **Дали сте задоволни со сегашните наставни програми на Правниот факултет?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не, незадоволен;
   - Не, никако.

2. **Дали наставниот кадар ги почитува и ги спроведува наставните програми во текот на академската година?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не, незадоволен;
   - Не, никако.

3. **Дали наставните програми на Правниот факултет се усогласени со наставните програми на правните факултети во нашата држава?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не, се разликуваат;
   - Не, немаат никаква усогласеност.

4. **Дали наставните програми на Правниот факултет се составени согласно современите демократски трендови?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не, незадоволен;
   - Не, никако.

5. **Дали наставните програми одговараат на потребите на пазарот?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не баш;
   - Не, никако.

6. **Што би смениле во наставните програми?**
   – Бројот на предмети;
   – Бројот на часови;
   – Би вметнале предмети што опфаќаат повеќе практична настава;
   – Ништо не би промениле.

7. **Дали Болоњскиот кредит-трансфер систем 3 + 2 ги даде очекуваните резултати?**
   – Да, целосно;
   – Да, донекаде;
   – Не баш;
   – Не, никако.

8. **Дали Вашиот Правен факултет е спремен за враќање на старото решение за организирање настава 4 + 1?**
   – Да, целосно;
   – Да, донекаде;
   – Не баш;
   – Не, никако.

9. **Дали со спроведувањето на сегашните наставни програми студентите стекнуваат повеќе практични правни вештини?**
   – Да, целосно;
   – Да, донекаде;
   – Не баш;
   – Не, никако.

10. **Дали Вашите студенти по завршувањето на првиот и вториот циклус на студии се доволно оспособени за приправништво и работа во правничката професија?**
   – Да, целосно;
   – Да, донекаде;
   – Не баш;
   – Не, никако.

# ПРИЛОГ 2:
# ПРАШАЊА ЗА СТУДЕНТИТЕ НА ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ

1. **Дали сте задоволни со сегашните наставни програми што се спроведуваат во моментот на Вашиот Правен факултет?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не доволно;
   - Не, воопшто.

2. **Дали наставните програми на Вашиот Правен факултет се составени согласно современите демократски трендови?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не доволно;
   - Не, воопшто.

3. **Дали наставните програми што Ви се понудени одговараат на потребите на пазарот?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не доволно;
   - Не, воопшто.

4. **Дали Вашиот факултет Ви нуди доволно можности за стекнување практични правни вештини во рамките на наставните програми или надвор од факултетот преку организирана практика за студентите?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не доволно;
   - Не, воопшто.

5. **Дали сметате дека треба нешто да се промени во наставната програма на Вашиот факултет?**
   - Да, бројот на предмети;
   - Да, би додал/-а задолжителна практична настава во рамките на секој предмет;
   - Не, задоволен/-на сум од наставната програма и не би променил/-а ништо.

6. **Дали во текот на Вашите студии сте биле вклучени во работата на Правната клиника на Вашиот факултет и поради која причина?**
   - Да, од лични амбициозни причини, со цел спојување на теоријата и практиката;
   - Да, со цел надополнување на моето знаење поради недоволно практика во текот на студиите;
   - Не, немав амбиции и желба за вклучување во работата на Правната клиника;
   - На мојот факултет не е организирана Правна клиника.

7. **Дали во текот на Вашето студирање на сопствена иницијатива сте биле ангажирани како приправник во адвокатска канцеларија, нотар, извршител?**
   - Да, од лични амбициозни причини, со цел спојување на теоријата и практиката;
   - Да, со цел надополнување на моето знаење поради недоволно практика во текот на студиите;
   - Не, поради преоптовареност со предмети и испитна литература, немав можност за практика или волонтирање надвор од факултетот;
   - Не, немав амбиции и желба за практика или волонтирање во текот на студиите.

8. **Дали Болоњскиот кредит-трансфер 3 + 2 ги даде очекуваните резултати за Вас како студенти на Правниот факултет?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не доволно;
   - Не, воопшто.

9. **Дали сметате дека по завршувањето на правните студии сте доволно подготвени да го полагате правосудниот испит?**
   - Да, целосно;
   - Да, донекаде;
   - Не доволно;
   - Не, воопшто.

10. **Дали сметате дека со враќањето на старото решение за организирање настава 4 + 1 (ќе) се подобри квалитетот на правните студии?**
    - Да, целосно;
    - Да, донекаде;
    - Не доволно;
    - Не, воопшто.